Врз основа на член 3 - г став (3) од Законот за средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ
# ЗА НОРМАТИВ ЗА ОБРАЗОВНИОТ АСИСТЕНТ, ОПИСОТ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ И РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ

## Член 1

Во Правилникот за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи со бр. 13- 9853/6 од 10.06.2025 година, членот 3 се менува и гласи:

„Образовната асистенција се спроведува од образовен асистент – лице кое има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС (VIA ниво) или завршено најмалку високо образование со траење од четири години (најмалку VII/1 степен). Образовниот асистент се избира на јавен оглас или може да биде ангажиран без јавен оглас на определено време, најмногу до три месеци, со претходно обезбедена согласност од Министерството за образование и наука.

Кога на јавниот оглас од став (1) на овој член ќе се јават повеќе кандидати, при селекција и избор на образовен асистент предност имаат лицата кои се стекнале со звање: специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, психолог, социјален работник, социјален и рехабилитациски педагог, социолог, семејнолог, како и лица кои ги исполнуваат условите за наставник согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

Доколку на јавниот оглас не се пријави лице кое ги исполнува условите утврдени во ставовите (1) и (2) од овој член, работен однос на определено време до крајот на учебната година може да заснова и лице кое е во завршна година од студии за стекнување на некое од звањата наведени во став (2) на овој член.

Лицата избрани за образовни асистенти задолжително посетуваат обука за образовни асистенти, согласно Програмата за обука утврдена од министерот по предлог на Бирото за развој на образованието. Обуката се спроведува од државното средно училиште со ресурсен центар“.

## Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 13-11684/1 МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

29.8.2025 година проф.д-р Весна Јаневска, с.р

СКОПЈЕ